21

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: 01-02-2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 19 | - 171/1 | / | / |

Врска 45-4511-20

Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничката толеранција**
**ПРОФИЦИО Скопје**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Заедно за безбедно лето – информации и насоки за предизвиците и безбедносните протоколи за заштита од Ковид-19**
(Име на проектот)

___Скопје, ___30. 01. 2021година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-43/1 од 19.6.2020 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничката толеранција ПРОФИЦИО Скопје |
| Наслов на проектот | Заедно за безбедно лето – информации и насоки за предизвиците и безбедносните протоколи за заштита од Ковид-19 |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07.2020 година до 31.10.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Билјана Младеновска |
| Проектен менаџер | Билјана Младеновска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 070 384 851, biljanamladenovska82@gmail.com |
| Цел на проектот | Намалување на ризикот за пренесување на ковид-19 и безбедност на посетителите на општина Дојран и самите жители. |
| Целна група | Туристички работници во општина Дојран<br>Месно население во општина Дојран<br>Поситетели туристи во општина Дојран |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Југоисточен регион, Општина Дојран |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 683.100 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 681.370 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Здружението Профицио успешно ги реализираше сите предвидени активности кои беа планирани во рамките на проектот. Дојран како туристичко место беше доста атрактивно за посета ова лето, а од тоа произлезе и потребата за едукација на туристичките работници, издавачите на соби, апартмани и куќи, како и самите жители и посетители за мерките, правилата и процедурите за заштита и превентива од ковид 19. Интересот секако беше голем, тимот на Профицио ангажираше експерти кои работаат во полето на заштита и превентива од ковид 19 и можеа професионално да ги пренесат своите знаења на обуките. Освен тоа, тимот на Профицио заедно со волонтери вклучени од самата организација, како и од Општина Дојран секојдневно беа ангажирани во посета на туристичките објекти, на самите плажи за да им пренесат на посетителите да ги запазуваат мерките за заштита и превенција. Беа поделени едукативни флаери и брошури, меѓутоа се регулираа и основните правила како носење заштитани маски, редовна дезинфекција и држење растојание. Во активностите на проектот беше предвидено и обезбедување на заштитни маски, средства и ракавици кои кај посетителите, а и самите туристички работници наидоа на позитивни реакции. Самиот факт дека во периодот на реализација на активностите, во Општина Дојран бројот на позитивни случаи беше сведен на минимум, не носи до заклучок дека овој проект е успешно реализиран и дека Здружението Профицио, во соработка со Општина Дојран, а поткрепено од Влада на Република Северна Македонија допринесоа значајно во превенција, заштита и едукација за што побезбедно и полесно справување со Ковид 19.

| **3. Спроведени активности и резултати од проектот**<br>Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати |
|---|

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1.1. Изработка, печатење и делење на информативен материјал ( флаери, плакати, брошури) за ковид 19 | За потребите на проектот беа дизајнирани флаери, плакати и брошури од информативен карактер за заштита, превенција и протоколи и процедури при посета на туристичките објекти во општина Дојран кои после одобрување од тимот за работа беа дадени на печатење. Брошурите заедно со волонтери во соработка со општина Дојран беа дистрибуирани во угостителските објекти, поставени на масите и по случајни минувачи, а плакатите беа залепени на влезовите на објектите. | 01.07.2020 - 10.07.2020 - дизајн и печатење. 12.07.2020 - 31.07.2020 - дистрибуција на брошури, флаери и плакати | Поголема свест на посетителите за придржување на мерките за заштита од КОВИД-19, едукација за правилно користење на заштитни средства, одржување дистанца и однесување при престојување во угостителските објекти, како и на самата плажа. |
| 1.2. Предавање за туристичките работници за правилата од стручен тим – здравствени работници, каде ќе се дадат јасните правила и протоколи за работа на туристичките објекти. | На 21.08.2020 година од страна на експертите Д-р Ненад Златановиќ и Д-р Ангелчо Андоновски беше одржано предавање за туристичките работници во општина Дојран за правилата, начинот на работа и протоколите што треба да ги запазат туристичките работници при работа со гости, како и процедури за заштита при појава на КОВИД-19 кај гостите или пак кај туристичките работници. | 21.8.2020 | Обука и едукација на туристичките работници за безбедносните протоколи, како да се заштитат самите туристички работници, а и посетителите при посета на објектите. Подигната свест на туристичките работници за мерките при работа.Почитување на протоколите и употреба на заштитни маски и средства при работа. Поголемо придржување кон протоколите кои се дадени од Влада на РСМ, и општина Дојран на туристичките работници |
| 1.3. Предавање за издавачи на соби, апартмани и куќи | Во рамките на проектот предвидени беа 4 предавања за издавачи на соби, апартмани и куќи. На 13.07.2020 година тимот на Профицио предводен од доктор Ненад Златановиќ – експерт и Живана Стефановска -Андоновска експерт ангажиран од страна на Профицио, ја модерираа првата работилница предвидена во рамките на проектот со издавачите на сместувачки | 13.07.2020 - 1 предавање 29.07.2020 - 2 предавање 17.08.2020 - 3 предавање 18.08.2020 - 4 предавање 19.08.2020 - 5 предавање | Едукација и стекнати знаења на издавачите за правилата и начини на работа, како и дезинфекција и заштита при пристигнување и престој на гостите. Почитување на мерките и протоколите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | капацитети. Втората обука од истиот тип се одржа на 29.07.2020 година со втората група на издавачи на апартмани, соби и куќи. Предавачи беа доктор Ангелчо Андоновски - директор на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата – Козле и Марија Цветкова – експерт ангажиран од Профицио. На двете предавања учество зедоа по 20 лица. Поради зголемениот интерес од страна на издавачите,а со цел да се запазат процедурите и одржување на дистанца, иако беа предвидени 4 предавања, тимот на Профицио одлучи да направи уште 2 предавања кои не предизвикуваат никакви финансиски импликации на буџетот. | 20.08.2020 - 6 предавање | при пристигнување и заминување на гостите, како и едукација за начините при справување доколку се појави случај позитивен на КОВИД-19. |
| 3.1. Обезбедување на заштитни средства(маски, ракавици, и дезинфекциони средства) одредени количини | Една од активностите што беше предвидена во проектот беше и обезбедување на заштитни средства( маски, ракавици и дезинфекциони средства) потребни за заштита и превенција од КОВИД-19. Маските беа поделени од членови на тимот на Профицио како и волонтери во соработка со општина Дојран, по случајни минувачи и пред влезовите на туристичките објекти, Ракавиците беа доставени до туристичките работници, а дезинфекционите средства поставени во туристичките објекти и поделени на издавачите на соби, апартмани и куќи. | 05.08.2020 - 10.08.2020 | Зголемена заштита, почитување и придржување на владините мерки од КОВИД-19, дезинфекција на просториите на издавачите на соби, апартмани и куќи, како и во туристичките објекти. |
| 3.2. Анкетен лист за посетителите со кои би се проценило задоволството од заштитните мерки | Во рамките на проектот изготвен е анкетен лист за посетителите на општина Дојран и дистрибуиран преку 2 членови од тимот на Профицио до угостителските објекти, издавачите на куќи, апартмани и соби. | 01.07. 2020 - 30.09.2020 | Проценка, анализа за справувањето со мерките во општина Дојран од страна на локалната самоуправа, како и угостителските објекти, издавачите на соби, апартмани и куќи и придржување на мерките пропишани од Владата на Република Северна Македонија. |
| 3.3. Инфографици на месечно ниво за следење на безбедносните протоколи | Врз основа на добиените резултати на одговорите од анкетните листови, секој месец се прават инфографици со цел следење на безбедносните протоколи во општина Дојран | 30.07.2020 - 30.10.2020 | Инфографиците ја отсликуваат состојбата во општина Дојран и нивото на почитување на безбедносните протоколи, дадени од анонимните одговори на посетителите и ќе послужат за подобрување и повисоко ниво на заштита од КОВИД-19. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во текот на реализирањето на предвидените активности, не наидовме на проблеми и потешкотии во реализацијата и спроведувањето на активностите.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| 1.1. Изработка, печатење и делење на информативен материјал ( флаери, плакати, брошури) за ковид 19 | | 14.000 флаери 100 плакати 500 брошури | https://www.facebook.com/proficiomk/posts/2250545391796989 https://www.facebook.com/proficiomk/posts/2174257756092420 https://www.facebook.com/proficiomk/posts/2147356048782591 |
| 1.2. Предавање за туристичките работници за правилата од стручен тим – здравствени работници, каде ќе се дадат јасните правила и протоколи за работа на туристичките објекти. | 25 | | https://www.facebook.com/24vesti.mk/videos/2485832101707400 |
| 1.3. Предавање за издавачи на соби, апартмани и куќи | 140 | | https://www.facebook.com/watch/?ref=saved&v=1422455437954246 |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

При реализирањето на активностите во склоп на проектот, наидовме на позитивни реакции како кај жителите на Општина Дојран, така и кај туристичките работници бидејќи во тие месеци беше навистина неопходно да се реализираат вакви активности во општината. Поддршката од Општина Дојран допринесе за поефикасно спроведување на активностите. Сметаме дека вакви активности може да се спроведуваат и во други општини, посебно во туристички места со што би се едуцирале што поголем број на граѓани, а секако со тоа би се запазиле и препораките од Владата на Република Северна Македонија. Здружението на граѓани Профицио ја продолжува својата соработка со општина Дојран и понатаму, а се надеваме дека исто така ќе продолжи и нашата соработка со Влада на Република Северна Македонија.

**7. Резиме на Финансискиот извештај**

| | Доделени средства | Реализирани трошоци | |
|---|---|---|---|

| Структура на трошоци | (според Договорот) | | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | **190.000** | **190.000** | |
| **II. Оперативни трошоци** | **4.000** | **2.692** | |
| **III. Директни трошоци** | 489.100 | 488.678 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **683.100** | **681.370** | |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 30. 01. 2021 год. Билјана Младеновска, Претседател

(Место) (датум) (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. (Потпис)

| | |
|---|---|
| | **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ** |
| Име на здружението | **Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничката толеранција ПРОФИЦИО Скопје** |
| Наслов на проектот | **Заедно за безбедно лето – информации и насоки за предизвиците и безбедносните протоколи за заштита од ковид-19** |
| Доделена финансиска поддршка | 683.100 денари |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | 20.000 денари |
| Вкупен буџет на проектот | 703.100 денари |

| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
|---|---|---|---|---|
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Плати и надоместоци | | | 0 | #DIV/0! |
| Проект координатор | 80,000 | 80,000 | 0 | 0% |
| Проект асистент | 60,000 | 60,000 | 0 | 0% |
| Експерти - здравствени работници | 50,000 | 50,000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Вкупно за I | 190,000 | 190,000 | 0 | 0 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспорт | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Канцелариски трошоци | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Услуги | | | 0 | #DIV/0! |
| Банкарски трошоци | 4,000 | 2,692 | 1,308 | 33% |
| Информации и комуникација | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Вкупно за II | 4,000 | 2,692 | 1,308 | 33% |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Активност 1.1.1.Изработка, печатење и делење на информативен материјал - флаери, брошури и плакати за ковид 19 | 200,300 | 200,010 | 290 | 0% |
| Активност 1.2.1. Графички дизајн на плакат, брошура и флаер | 17,000 | 17,000 | 0 | 0% |
| Предавање за туристичките работници за правилата од стручен тим – здравствени работници, каде ќе се дадат јасните правила и протоколи за работа на туристичките објекти. | 72,000 | 72,000 | 0 | 0% |
| Координативен состанок на тимот и претставници на општината | 2,780 | 2,780 | 0 | 0% |
| Предавање за издавачи на соби, апартмани и куќи | 12,000 | 12,000 | 0 | 0% |
| Обезбедување на заштитни средства - маски, ракавици и дезинфекциони средства | 160,000 | 159,888 | 112 | 0% |
| Активност 2.2.1.Анкетен лист за посетителите со кои би се проценило задоволството од заштитните мерки. | 25,000 | 25,000 | 0 | 0% |
| Вкупно за III | **489,080** | 488,678 | 402 | **0%** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **683,080** | 681,370 | 1,710 | **0%** |